РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НОТАРСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-466/20
29.03 2024 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 122 став (1) точка а) од Законот за нотаријатот („Сл. весник на РМ" бр. 72/16, 142/16 и 233/18) и членовите 15 став (1) алинеја 9) и 56 став (1) од Статутот на Нотарската комора на Република Северна Македонија, Управниот одбор на Нотарската комора на Република Северна Македонија, на седницата одржана **на ден 29.3.2024 година,** го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за работа на Стручниот совет на Нотарската комора на Република Северна Македонија бр. 02-246/4 од 12.2.2021 год.

### Член 1

Во членот 2 ставот (1) се менува и гласи:

**„(1) Стручниот совет е стручен и советодавен орган на Нотарската комора на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Комората)."**

Во ставот (2) зборовите: **„целокупната нотарска служба"** се заменуваат со зборовите: **„нотаријатот во целина".**

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

**„(3) Стручниот совет работи во координација и соработка со Нотарската академија на Комората."**

### Член 2

Во членот 3 став (4) сврзникот: **„или"** се заменува со запирка, а по зборовите: **„по правни науки"** се додаваат зборовите: **„членови и едукатори на Нотарската академија".**

### Член 3

Во членот 10 став (1) зборовите: **„по електронски пат"** се заменуваат со зборовите: **„во електронска форма".**

Во ставот (3) по зборовите: **„по електронски пат"** се додаваат зборовите: **„преку соодветна интернет платформа со технички можности за двонасочна аудио и/или видеокомуникација во живо".**

### Член 4

Во членот 12 став (1) по алинеја 5) се додава нова алинеја 6) која гласи:

**„-изготвува работни текстови на акти на Комората,".**

**Член 5**

Во членот 16 став (2) по зборовите: ,,**писмена форма**'' се додаваат зборовите: ,,**или во електронска форма**''.

**Член 6**

Во членот 21 став (1) по зборовите: ,,**писмена форма**'' се додаваат зборовите: ,,**или во електронска форма**''.

Во ставот (3) втората реченица се менува и гласи:

**,,Потврдените правни мислења и заклучоци се доставуваат во електронска форма до сите нотари, се објавуваат во стручното списание ,,Нотариус'', на веб страницата на Комората и се прикачуваат во автоматизираниот софтвер МојНотар.''**

**Член 7**

Во членот 23 став (1) по зборовите: ,,**Стручниот совет**'' се додаваат зборовите: ,,**во соработка со Нотарската академија на Комората**''.

**Член 8**

Во членот 24 став (3) зборовите: ,,**посебна деловна книга**'' се заменуваат со зборот: ,,**е-деловодник**''.

**Член 9**

Се овластува Стручната служба на Нотарската комора да утврди пречистен текст на Правилникот за работа на Стручниот совет на Нотарската комора на РСМ, бр. 02-246/4 од 12.2.2021 година.

**Член 10**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од неговото објавување на огласната табла и на веб страницата на Нотарската комора на Република Северна Македонија, а ќе биде објавен и во стручното списание „Нотариус“.

**УПРАВЕН ОДБОР НА НОТАРСКА КОМОРА НА РСМ**
**Претседател**
**Методија Ристоски**